**Службен весник на РМ, бр.59/2012**

# Закон за престанување на важењето на Законот за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството
(„Службен весник на СРМ“ број 29/73 и 39/77).

Член 2

Министерството за труд и социјална политика, со денот на започнувањето со примената на овој закон, ги презема вработените, целокупната документација, архивата, објектот и опремата од Републичкиот завод за унапредување на домаќинството.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува од 1 јули 2012 година.